# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 4 | Петок, 24 февруари 2023 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

## С о д р ж и н а

### Градоначалник на општина Струмица:

| Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|
| 43. | **Решение** за именување вршител на должност директор на ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица ................................ | 2 |
| 44. | **Решение** за објавување на прописите и другите акти донесени на 20-та седница на Советот на општина Струмица …........................ | 3 |

### Совет на општина Струмица

| Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|
| 45. | **Одлука** за давање помош на настраданите од катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Сириската Арапска Република ............ | 4 |
| 46. | **Одлука** за доделување парична помош на Славица Бусева од Струмица ....................................... | 5 |
| 47. | **Одлука** за давање на трајно користење на објект на ЈПЗБК „Стационар - Лана“ Струмица ............ | 5 |
| 48. | **Одлука** за дополнување на Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп на објекти во сопственост на Општина Струмица ........................ | 6 |
| 49. | **Одлука** за измена и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Струмица ............................................ | 7 |
| 50. | **Одлука** за утврдување на висината на месечниот надоместок на Претседателот и членовите на органите на ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица ................................... | 7 |
| 51. | **Одлука** за утврдување на работното време во ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица .......................................... | 8 |
| 52. | **Одлука** за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните административни службеници во ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица за 2023 година .... | 8 |
| 53. | **Одлук**а за продолжување на работното време на угостителските објекти ............................................... | 9 |
| 54. | Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на дел од КП бр. 7151/1 и дел од КП бр. 8018/1, КО Струмица .......................................... | 9 |

**55.** **Одлука** за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на ГП 309 кон ГП 307 и ГП 311, УБ 14, УЕ 2 Општина Струмица ................... 10
**56.** **Одлука** за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација УП со план за парцелација на ГП бр.10, ГП бр.11 и ГП бр.12, Согласно ДУП за Зона за сервиси и складови-Просенички пат, Општина Струмица .......................... 10
**57.** **Одлука** за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација – спојување на ГП 34.3.I.2, ГП 34.3.I.3 и ГП 35.3.I.1 (КП 6512/118 и КП 6512/123, КО Струмица) од ДУП за блок 3, општина Струмица .......................................... 11
**58.** **Одлука** за измена на Одлука за утврдување Нацрт план за измена и дополнување на ДУП за дел од Блок 5, УЕ 2, Општина Струмица, со плански период 2022-2027 ................. 12
**59.** **Програма** за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Струмица во 2023 година ... 12
**60.** **Решение** за формирање на Комисија за селекција на кандидати за управен одбор и надзорен одбор на ЈПЕД „Струмица – Гас“ Струмица ............... 16
**61.** **Решение** за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица ........................................ 16
**62.** **Заклучок** за давање согласност на Извештајот за работата на ЈП „Паркиралишта-Струмица“ - Струмица за периодот од 01.01 2022 до 31.12.2022 година ........................... 17
**63.** Заклучок за давање согласност на Годишната сметка на ЈП „Паркиралишта-Струмица“ – Струмица за 2022 година .................... 17
**64.** **Заклучок** за давање согласност на Одлуката за распоредување на добивката остварена по годишната сметка за 2022 година на ЈП „Паркиралишта-Струмица“ ............. 17
**65.** **Заклучок** за давање согласност на Извештајот за работењето на ЈПЗБК „Стационар-Лана“ Струмица за период 01.04.2022 – 31.12.2022 година ....................................... 18
**66.** **Заклучок** за давање согласност на Ценовникот за утврдување на цените на активностите и услугите на ЈПЗБК СТАЦИОНАР ЛАНА Струмица 18
**67.** **Заклучок** за давање согласност на Ценовникот за утврдување на цените на активностите и услугите на ЈПЗБК СТАЦИОНАР ЛАНА Струмица кон Општина Струмица .... ............... 18
**68.** **Заклучок** за давање согласност на Одлуката за задолжување на ЈПКД „Комуналец“ Струмица ................... 19
**69.** **Заклучок** за давање согласност на Ценовникот за вршење на работи на ЈПКД „Комуналец“ Струмица во 2023 година ........................................ 19
**70.** **Заклучок** за давање согласност за прием на поголем број деца од капацитетот во клоновите на ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица ........... 20

---

**43.**

Врз основа на член 126 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19) Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**Р е ш е н и е**
**за именување вршител на должност директор на ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица**

1. За вршител на должноста директор на ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица се именува Каролина Дончева, дипломиран воспитувач од Струмица.

2. Вршителот на должноста директор се именува сметано од 12.02.2023 година, но не подолго од 6 (шест) месеци.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл. гласник на Општина Струмица“.

Бр. 09-1155/1 Општина Струмица
10.02.2023 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Костадин Костадинов с.р.

....................................

**44.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица**,** донесе:

**Р е ш е н и е**
**за објавување на прописите и другите акти донесени на 20-та седница на Советот на општина Струмица**

I.Се објавуваат прописите и другите акти донесени на 20-та седница на Советот на општина Струмица, одржана на 23.02.2023 година и тоа:

1. Одлука за давање помош на настраданите од катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Сириската Арапска Република, бр.08-1544/1 од 24.02.2023 година;
2. Одлука за доделување парична помош на Славица Бусева од Струмица, бр.08-1545/1 од 24.02.2023 година;
3. Одлука за давање на трајно користење на објект на ЈПЗБК „Стационар - Лана“ Струмица, бр.08-1546/1 од 24.02.2023 година;
4. Одлука за дополнување на Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп на објекти во сопственост на Општина Струмица, бр.08-1547/1 од 24.02.2023 година;
5. Одлука за измена и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Струмица, бр.08-1548/1 од 24.02.2023 година;
6. Одлука за утврдување на висината на месечниот надоместок на Претседателот и членовите на органите на ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица, бр.08-1549/1 од 24.02.2023 година;
7. Одлука за утврдување на работното време во ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица, бр.08-1550/1 од 24.02.2023 година;
8. Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните административни службеници во ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица за 2023 година, бр.08-1551/1 од 24.02.2023 година;
9. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти, бр.08-1552/1 од 24.02.2023 година;
10. Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на дел од КП бр. 7151/1 и дел од КП бр. 8018/1, КО Струмица, бр.08-1553/1 од 24.02.2023 година;
11. Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на ГП 309 кон ГП 307 и ГП 311, УБ 14, УЕ 2 Општина Струмица, бр.08-1554/1 од 24.02.2023 година;
12. Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација УП со план за парцелација на ГП бр.10, ГП бр.11 и ГП бр.12, Согласно ДУП за Зона за сервиси и складови-Просенички пат, Општина Струмица, бр.08-1555/1 од 24.02.2023 година;
13. Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација – спојување на ГП 34.3.I.2, ГП 34.3.I.3 и ГП 35.3.I.1 (КП 6512/118 и КП 6512/123, КО Струмица) од ДУП за блок 3, општина Струмица, бр.08-1556/1 од 24.02.2023 година;

14. Одлука за измена на Одлука за утврдување Нацрт план за измена и дополнување на ДУП за дел од Блок 5, УЕ 2, Општина Струмица, со плански период 2022-2027, бр.08-1557/1 од 24.02.2023 година;
15. Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на подрачјето на Општина Струмица во 2023 година, бр.08-1558/1 од 24.02.2023 година;
16. Решение за формирање на Комисија за селекција на кандидати за управен одбор и надзорен одбор на ЈПЕД „Струмица – Гас“ Струмица, бр.08-1559/1 од 24.02.2023 година;
17. Решение за разрешување и именување на членови на Управниот одбор на ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица, бр.08-1560/1 од 24.02.2023 година;
18. Заклучок за давање согласност на Извештајот за работата на ЈП „Паркиралишта-Струмица“ - Струмица за периодот од 01.01 2022 до 31.12.2022 година, бр.08-1561/1 од 24.02.2023 година;
19. Заклучок за давање согласност на Годишната сметка на ЈП „Паркиралишта-Струмица“ – Струмица за 2022 година, бр.08-1562/1 од 24.02.2023 година;
20. Заклучок за давање согласност на Одлуката за распоредување на добивката остварена по годишната сметка за 2022 година на ЈП „Паркиралишта-Струмица“, бр.08-1563/1 од 24.02.2023 година;
21. Заклучок за давање согласност на Извештајот за работењето на ЈПЗБК „Стационар-Лана“ Струмица за период 01.04.2022 – 31.12.2022 година, бр.08-1564/1 од 24.02.2023 година;
22. Заклучок за давање согласност на Ценовникот за утврдување на цените на активностите и услугите на ЈПЗБК СТАЦИОНАР ЛАНА Струмица, бр.08-1565/1 од 24.02.2023 година;
23. Заклучок за давање согласност на Ценовникот за утврдување на цените на активностите и услугите на ЈПЗБК СТАЦИОНАР ЛАНА Струмица кон Општина Струмица, бр.08-1566/1 од 24.02.2023 година;
24. Заклучок за давање согласност на Одлуката за задолжување на ЈПКД „Комуналец“ Струмица, бр.08-1567/1 од 24.02.2023 година;
25. Заклучок за давање согласност на Ценовникот за вршење на работи на ЈПКД „Комуналец“ Струмица во 2023 година, бр.08-1568/1 од 24.02.2023 година;
26. Заклучок за давање согласност за прием на поголем број деца од капацитетот во клоновите на ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица, бр.08-1569/1 од 24.02.2023 година.

II.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр. 09-1570/1 Општина Струмица
24.02.2023 год. Градоначалник,
С т р у м и ц а Костадин Костадинов с.р.
....................................

**45.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.02.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање помош на настраданите од катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Сириската Арапска Република**

**Член 1**

Општина Струмица, како израз на солидарност кон настраданите од катастрофалниот земјотрес во Република Турција и Сириската Арапска Република,

дава парична помош во вкупен износ од 800.000,00 денари, односно 400.000,00 денари на Република Турција и 400.000,00 денари на Сириската Арапска Република. Паричната помош ќе се реализира преку уплата на средствата на Фондот на солидарноста на Црвениот крст на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Паричните средства од член 1 од оваа Одлука се обезбедени од Буџетот на Општина Струмица за 2023 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1544/1 Совет на општина Струмица
24.02.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
..............................................

**46.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.02.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за доделување парична помош на Славица Бусева од Струмица**

**Член 1**

На Славица Бусева од Струмица и се доделува парична помош во вкупен нето износ од 60.000,оо денари, за лекување.

**Член 2**

Доделените парични средства да се издвојат од Буџетот на општина Струмица за 2023 година и да се трансферираат на доставена трансакциска сметка.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1545/1 Совет на општина Струмица
24.02.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
......................................

**47.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” број 5/02), член 21 од Закон за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), член 14 став 7 и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.02.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за давање на трајно користење на објект на ЈПЗБК „Стационар - Лана“ Струмица**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Струмица на ЈПЗБК „Стационар - Лана“ Струмица и дава на трајно користење објект, запишан во Имотен лист бр.13692 КО Дабиље, КП бр.2874, дел 1, ул. „Кирчевица“, намена на згр. Б4-6, влез 1, кат ПР, вкупна внатрешна површина 338 м2.

**Член 2**

Објектот опишан во член 1 се дава на трајно користење на ЈПЗБК „Стационар - Лана“ Струмица, без надомест.

**Член 3**

ЈПЗБК „Стационар - Лана“ Струмица не може објектот да го дава под закуп и на користење на друго физичко

или правно лице и да го става под хипотека.

**Член 4**

Правото на трајно користење на објектот на корисникот ќе престане доколку:

- Престане да ја обавува дејноста во објектот за која е регистриран;
- Ако не го користи објектот и просториите согласно намената или врши пренамена на објектот;
- Ако навремено не ги изврши тековните активности.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето „Службен гласник на општина Струмица“

Бр.08-1546/1 Совет на општина Струмица
24.02.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

...........................................

**48.**

Врз основа на член 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.02.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за дополнување на Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп на објекти во сопственост на Општина Струмица**

**Член 1**

Во Одлуката за давање на согласност за издавање под закуп на објекти во сопственост на Општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица бр. 29/20 и 3/21), се вршат следните дополнувања:

1. По точка 23 се додава:

24. КП бр.492/1, ул. „11 Октомври“, запишана во Имотен лист број 57698 КО Струмица, згр. бр. 0, намена на згр. Б4-6, влез 0, кат 1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДЗД, со волумен 710 м$^3$;

25. КП бр.492/1, ул. „11 Октомври“, запишана во Имотен лист број 57698 КО Струмица, згр. бр. 1, намена на згр. Б4-6, влез 1, кат К1, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, внатрешна површина 509 м$^2$;

26. КП бр.492/1, ул. „11 Октомври“, запишана во Имотен лист број 57698 КО Струмица, згр. бр. 1, намена на згр. Б4-6, влез 1, кат К2, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, внатрешна површина 703 м$^2$;

27. КП бр.492/1, ул. „11 Октомври“, запишана во Имотен лист број 57698 КО Струмица, згр. бр. 1, намена на згр. Б4-6, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, внатрешна површина 737 м$^2$;

28. КП бр.492/1, ул. „11 Октомври“, запишана во Имотен лист број 57698 КО Струмица, згр. бр. 2, намена на згр. Б4-6, влез 1, кат ПР, намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, внатрешна површина 136 м$^2$.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,„Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1547/1 Совет на општина Струмица
24.02.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

......................................

**49.**

Врз основа на член 22 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), член 20 став 1 точка 24 од Статутот на општина Струмица (”Службен гласник на општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица на седницата одржана на ден 23.02.2023 година донесе:

**О д л у к а**
**за измена и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Струмица**

**Член 1**

Во Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 1/14, 7/15, 10/15, 15/15, 02/16, 21/6 и 6/21), член 9 став 1 се менува и гласи:

„Наплатата на цената на паркирање се врши преку мобилен телефон, паркинг картичка и платежна електронска картичка преку нова услуга SCAN&PARK.“

Во член 9 по став 7 се додава нов став 8 кој гласи:

„Плаќањето на паркинг место со скенирање на QR код кој се наоѓа на информативните табли е достапно за сите корисници на зонските паркиралишта, македонски државјани или странски државјани. За користењето на оваа услуга, корисникот е потребно да го скенира QR кодот со паметен мобилен телефон кој се наоѓа на информативната табла, да внесе регистарска таблица, да избере времетрање и да плати со внесување податоци од платежната картичка. На овој начин плаќањето паркинг услуга е полесна е подостапна за сите корисници.“

Член 11 став 3 од оваа Одлука се менува и гласи:

„Бесплатно паркирање, ЈП ,,Паркиралишта Струмица“- Струмица може да одобри на возилата на службата за итна медицинска помош, противпожарни возила, Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, возилата на ЈПКД „Комуналец“ Струмица, возилата на ЈПЕД „Струмица- Гас“ Струмица, возилата на ЈПЗБК „Стационар-Лана“ Струмица за време на интервенции, по претходно барање од наведените органи.“

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1548/1Совет на општина Струмица
24.02.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.
.........................................

**50.**

Врз основа на член 19 став 4,5 и 6 и член 27 став 8 и 9 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19 и 89/22) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.02.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на висината на месечниот надоместок на Претседателот и членовите на органите на ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на месечниот надоместок врз основа на присуство на седници на Претседателот и членовите на органите на управување на ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица.

**Член 2**

Месечниот надоместок врз основа на присуство на седници на претседателот и членовите на Управниот

одбор на ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица, изнесува:

-за претседател – 3.000,оо денари;
- за член - 2.500,оо денари.

**Член 3**

Месечниот надоместок врз основа на присуство на седници на претседателот и членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјалното и финансиското работење на ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица, изнесува:

- за претседател – 3.000,оо денари;
- за член - 2.500,оо денари.

**Член 4**

Надоместокот за тековниот месец не се исплатува, за членовите што не присуствувале, или не е одржана седница на органот на ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1549/1 Совет на општина Струмица
24.02.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

......................................

**51.**

Врз основа на член 67 став 6 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.02.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на работното време во ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува почетокот и завршетокот на работното време во ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица.

**Член 2**

Почетокот на работното време е во 05:30 часот, а завршетокот на работното време е во 17:30 часот, секој работен ден од понеделник до петок.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1550/1 Совет на општина Струмица
24.02.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

......................................

**52.**

Врз основа на член 88 став 3 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.02.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните административни службеници во ЈОУДГ „Детска радост“ Струмица за 2023 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните административни службеници во ЈОУДГ

„Детска радост“ Струмица за периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1551/1 Совет на општина Струмица
24.02.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.........................................

**53.**

Врз основа на член член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/02) и член 23 од Законот за угостителска дејност („Службен весник на Република Македонија” бр. 62/04, 89/08, 115/10, 53/11, 141/12, 164/13, 187/13, 166/14, 199/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16 и 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.02.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти**

**Член 1**

Работното време на угостителските објекти за сместување (хотели, мотели, пансиони, туристички населби, ноќевалишта и одмаралишта) на подрачјето на Општина Струмица утврдено во член 23 во Законот за угостителска дејност, се продолжува за 2 часа, за периодот на карневалските празнувања во Општина Струмица, односно во периодот од 24-26 Февруари 2023 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1552/1 Совет на општина Струмица
24.02.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

.....................................

**54.**

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 23.02.2023 година, донесе:

**О д л у к а**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште на дел од КП бр. 7151/1 и дел од КП бр. 8018/1, КО Струмица**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на градежно земјиште за бесправниот објект, ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ (зграда бр.2) со висина П (приземје), кој се наоѓа на дел од КП бр. 7151/1, КО Струмица, во сопственост на Република Северна Македонија и на дел од КП бр. 8018/1, КО Струмица, во сопственост на Република Северна Македонија.

Според Урбанистичко планската документација донесена во 2019год., објектот ДЕЛОВЕН ОБЈЕКТ (зграда бр.2) со висина П (приземје), кој се наоѓа на дел од КП бр. 7151/1, КО Струмица, во сопственост на Република Северна Македонија и на дел од КП бр. 8018/1, КО Струмица, се наоѓа со еден дел во

инфраструктура и друг во зона на заштитно и парковско зеленило – Д2.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-1553/1 Совет на општина Струмица
24.02.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

......................................

**55.**

Врз основа на член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.32/20), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“, бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.02.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на ГП 309 кон ГП 307 и ГП 311, УБ 14, УЕ 2 Општина Струмица**

**Член 1**

Се утврдува Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на ГП 309 кон ГП 307 и ГП 311, УБ 14, УЕ 2 Општина Струмица.

Со овој Урбанистички проект се опфаќа простор со површина од 854,9м$^{2.}$

**Член 2**

Комисијата формирана од Градоначалникот на Општина Струмица со Решение 09-3411/1 од 09.05.2022год., во состав: Софија Ристова д.и.а., Нада Михајлова, д.и.а., Илија Устапетров д.и.а., и надворешните членови: Елина Трендова, д.и.а. и Андреј Манев, д.и.а, согласно чл.36, од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр.32/20), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на ГП 309 кон ГП 307 и ГП 311, УБ 14, УЕ 2 Општина Струмица, изработен од ДПГИ „ВЕКТОР 90“ Томе ДООЕЛ Струмица, со технички број 028-1410/2022 од октомври 2022 год.

**Член 3**

Оваа одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација за промена на граници на ГП 309 кон ГП 307 и ГП 311, УБ 14, УЕ 2 Општина Струмица, изработен од ДПГИ „ВЕКТОР 90“ Томе ДООЕЛ Струмица, со технички број 028-1410/2022 од октомври 2022 год. и се состои од:

-текстуален дел,
-графички приказ (документациона основа и планска документација).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Струмица”.

Бр.08-1554/1 Совет на општина Струмица
24.02.2023 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски с.р.

......................................

**56.**

Врз основа на член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.32/20), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“, бр.5/02) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“, бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 23.02.2023 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација УП со план за парцелација на ГП бр.10, ГП бр.11 и ГП бр.12, Согласно ДУП за Зона за сервиси и складови-Просенички пат, Општина Струмица**

**Член 1**

Се утврдува УП со план за парцелација на ГП бр.10, ГП бр.11 и ГП

бр.12, Согласно ДУП за Зона за сервиси и складови-Просенички пат, Општина Струмица.

Со овој Урбанистички проект се опфаќа простор со површина од 5.321,26м$^{2.}$

**Член 2**

